# ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Обука за концептот на не-дискриминација за правни практичари**

# Директна Дискриминација

**Латински збор discriminare, discriminatio⇨ <u>Разликување</u>, правење разлика**

**Дискриминација е <u>нееднакво постапување</u> засновано врз определени лични особини или карактеристики, односно <u>основи за дискриминација</u>, што доведува до исклучување, ограничување или давање предност на одредено лице/ група**

**Дискриминаторското постапување е <u>нелегитимно</u> и нема оправдување**

# Директна Дискриминација

- Директна дискриминација дефиниција:

се случува кога со едно лице <u>се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно од друго лице</u> во <u>слична ситуација врз основ на било која од заштитените карактеристики</u>

(дискриминација/дефиниција – сличен регулаторен пристап во сите директиви)

# ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**„Директна дискриминација има три главни елементи:**

**1)** Со лицето (или група на лица) се **постапува** (или се постапувало или би се постапувало) понеповолно од друго лице(група на лица),

**2)** Постапувањето спрема лицето (или групи на лица) да може да се **спореди** со постапувањето спрема други лица во иста или слична ситуација,

**3)** Понеповолното постапување да е засновано на **личното својство.**

# Директна Дискриминација

**<u>Понеповолно постапување</u>:** релативно лесно да се идентификува кога се споредува со случаи на индиректна дискриминација.

**На пример: одбивање да се ангажира некој, отпуштање на работник, одбивање на давање на услуги; добивање помала плата; одбивање на изнајмување на куќа; поголема или помала возраст за пензионирање; исклучување од главниот образовен систем; итн.**

**<u>Слична ситуација:</u>** директна дискриминација како општо правило бара одредување на компаратор – иако може да биде и хипотетички компаратор.

# Директна Дискриминација

<u>Во врска со заштитна карактеристика</u>: за да постои директна дискриминација треба да има <u>причинско-последична врска</u> помеѓу карактеристиката и понеповолното постапување

Важно е да се напомене, <u>товарот на докажување</u> на оваа причинско-последична врска не е кај тужителот (префрлање на товарот на докажување)

Најважно од се е дека <u>директната дискриминација не бара жртва која може да се идентификува</u>, па дискриминаторските огласи се опфатени

# Директна Дискриминација

**<u>Исклучоци:</u>**

**<u>Суштински и одлучувачки услови за вработување</u>**

Се применува за сите основи

Мора да биде легитимно и пропорционално

**<u>Афирмативни мерки</u>**

Посебни мерки кои превенираат или компензираат за недостатоци поврзани со заштитните основи

- **Цел**
- **Законски предвидени**
- **Временски ограничени (рок)**

## Чл.6 ст.1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на РМ

Директна дискриминација врз дискриминаторска основа е :

**-секое неповолно постапување,**
**-разликување,**
**-исклучување или ограничување**

***кое како последица има или би можело да има***
-***одземање***
-**нарушување** или
-**ограничување** на еднаквото признавање или уживање на човековите права и основни слободи,

***споредено со третманот кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови***

# Предрасудите, стереотипите и нивното влијание за дискриминација

# Предрасуди, стереотипи и дискриминација

***ПРЕДРАСУДАТА*** **Е НЕПРИЈАТЕЛСКИ ИЛИ НЕГАТИВЕН СТАВ СПРЕМА ПРЕПОЗНАТЛИВА ГРУПА НА ЛУЃЕ, КОЈА СЕ ЗАСНОВА ИСКЛУЧИВО НА НИВНАТА ПРИПАДНОСТ/ЧЛЕНСТВО НА ТАА ГРУПА.**

## Предрасуди, стереотипи и дискриминација

***СТЕРЕОТИП*** **Е ГЕНЕРАЛИЗАЦИЈА НА УБЕДУВАЊЕ ЗА ОДРЕДЕНА ГРУПА НА ЛУЃЕ, ЧИИ ИСТОВЕТНИ ОБЕЛЕЖЈА СЕ ПРИПИШУВААТ ПРАКТИЧНО НА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА, НЕЗАВИСНО ОД РЕАЛНИТЕ РАЗЛИКИ МЕЃУ ЧЛЕНОВИТЕ.**

## Предрасуди, стереотипи и дискриминација

***ДИСКРИМИНАЦИЈА*** **Е НЕОПРАВДАНА НЕГАТИВНА ИЛИ ШТЕТНА ПОСТАПКА СПРЕМА ЧЛЕН НА ЕДНА ГРУПА, САМО ЗАРАДИ НЕГОВАТА ПРИПАДНОСТ НА ТАА ГРУПА.**

# Директна дискриминација - случаи

➢ **Случај Defrenne (43/75)**

- Еден од првите случаи на дискриминација пред Судот на правдата на ЕУ (1976)
- Стјуардеса од Sabena (Белгиска авиокомпанија) тврдела дека ја плаќале помалку од нејзините машки колеги за истата работа
- Судот на правдата утврдил дека ова е случај на полова дискриминација (повреда на начелото за иста плата за иста работа)

# Директна дискриминација - случаи

- **Случајот Richards (C-423/04)**

- Тужителот маж-жена трансексуалец

- Таа тврдела дека стекнала услови за пензија на нејзиниот 60-ти роденден, но била одбиена затоа што условот за стекнувањето на пензија на мажи бил повисок

- Владата тврдела дека вистинскиот компаратор биле мажи кои не биле подложни на промена на полот

- Судот на правдата утврдил дека вистинскиот компаратор се жените кои не биле подложни на промена на полот

- Судот на правдата утврдил дека била сторена дискриминација врз основ на пол (промена на пол)

# Директна дискриминација - случаи

- **Случајот Coleman (C-303/06)**

- Случај во врска со хендикеп, Судот на правдата воведе нов концепт: дискриминација по асоцијација
- Мајката на дете со хендикеп тврдела дискриминација на работното место врз основ на хендикепот на својот син (закана за отказ, навредливи коментари)
- Нејзините колеги кои имале деца биле користени како компаратор од страна на Судот за да биде утврдена дискриминација